Citizens for change!

2019/2020

# НЕ СЕ КЛАДИ СО ЖИВОТОТ

ПУБЛИКАЦИЈА ОД ЕМПИРИСКО ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ОБЛОЖУВАЊЕ И ОСТАНАТИ ИГРИ НА СРЕЌА КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ОД СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

2019/2020

**Автори:**
Павлина Васкова
Оливера Суботин Поповска
Славица Шекуткоска
Владимир Илиевски

ЗДРУЖЕНИЕ НА СОЦИЈАЛНИ РАБОТНИЦИ НА ГРАД СКОПЈЕ | info@zsr-skopje.mk |
ЗДРУЖЕНИЕ НА ЛЕКУВАНИ АЛКОХОЛИЧАРИ НА РМ |МИНИМАЛ КОЛЕКТИВ СКОПЈЕ | minimalcci@gmail.com
Скопје, 2022

**Издавач:** Здружение на социјални работници на град Скопје

**Тираж:** 100 примероци

**Автори:**

Павлина Васкова
Оливера Суботин Поповска
Славица Шекуткоска
Владимир Илиевски

**Уредник:** Славица Шекуткоска

**Графичко уредување:** Петар Шимлеша

**Лектура:** Кате Петрушевска

**Печатница:** Софт Копи- Прилеп

CIP - Каталогизација во публикација Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

794.9:373.5.011.3-052(497.7)"2019/2020"(047.31)

Не се клади со животот : публикација од емпириско истражување за обложување и останати игри на среќа кај учениците од средните училишта : 2019/2020 / автори Павлина Васкова ... [и др.]. - Скопје : Здружение на социјални работници на град Скопје, 2022. - 42 стр.: граф. прикази ; 21 см

Други автори: Оливера Суботин Поповска, Славица Шекуткоска, Владимир Илиевски. - Библиографија: стр. 41

ISBN 978-9989-2295-3-4

1. Васкова, Павлина [автор] 2. Суботин Поповска, Оливера [автор] 3. Шекуткоска, Славица [автор] 4. Илиевски, Владимир [автор]
а) Игри на среќа -- Ученици -- Средно образование -- Македонија -- 2019-2020 -- Истражувања

COBISS.MK-ID 58776069

**Здружението на социјални работници на град Скопје, во соработка со Здружение на клубови на лекувани алкохоличари на Република Македонија и продукциската куќа Минимал Скопје, преку проектот „Не се клади со животот“, имаат за цел да ја зголемат јавната свесност кај граѓаните за сериозноста на проблемите кои може да настанат како последица од проблематично играње на игри на среќа.**

**Во рамките на проектот е направено анкетно истражување во кое беа вклучени 4000 ученици од средно образование, од осум градови во Република Северна Македонија. Анализата на резултатите од спроведеното истражување во средните училишта има за цел да ја прикаже актуелната состојба кај младите за играње на игри на среќа, во однос на половата структура, возрасната структура, изборот на игри на среќа, мотивот за играње на игри на среќа, како и информираноста на наставниците и родителите за распространетоста на игрите на среќа помеѓу младите. Дополнително, анализата треба да ја прикаже и состојбата за информираноста на младите за ризиците и последиците од проблематичното играње на игри на среќа.**

**Преку одржување на форуми во осум градови на територијата на Република Северна Македонија, овој проблем се доближува до локалната заедница и заеднички се одредуваат начини за помош и поддршка на младите кои имаат проблем со зависност од игри на среќа или обложување.**

**Проектот „Не се клади со животот“ е поддржан од програмата на Цивика Мобилитас, програма на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) за поддршка на граѓанското општество во Република Северна Македонија, која ја спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и ФЦГ од Шведска.**

# СОДРЖИНА

ВОВЕД .......... 5
Што треба да се знае за проблемот со зависност од игри на среќа… .......... 5
Некои од симптомите за препознавање .......... 5
Како да се помогне во поставување на дијагноза .......... 5
Фактори што најчесто влијаат на создавање на зависноста… .......... 6
Создавање на зависност .......... 7
Можности за надминување на проблемот .......... 8
Видови на игри на среќа .......... 8
Распространетост .......... 7
Како да си помогнете .......... 9
Како влијае компулсивното играње игри на среќа врз семејството .......... 9
Материјално лишување .......... 10
Развод .......... 10
Семејно насилство .......... 10
Злоупотреба на деца и запоставување .......... 11
Влијанието на родител - зависник од игри на среќа врз детето .......... 11
Методолошка рамка .......... 12
Цел на истражувањето .......... 13
Целни групи .......... 13
Примерок на истражување .......... 13
АНАЛИЗАТА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО .......... 14
Компаративна анализа на резултатите од анкетното истражување .......... 27
Заклучок и препораки .......... 39
Користена литература .......... 40

Здружението на социјални работници на град Скопје е корсник на финансиска поддршка од програмата Цивика мобилитас.

Цивика мобилитас е програма на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) за поддршка на граѓанското општество во Македонија, која ја спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и ФЦГ од Шведска. Целта на програмата е општествените промени во Северна Македонија да бидат поттикнати од силен граѓански сектор, активни граѓани и добра соработка со властите, што резултира со потранспарентно, поотчетно и социјално-инклузивно управување како на централно, така и на локално ниво.

Citizens for change!

Disclaimer:

Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), кој го спроведуваат НИРАС, МЦМС и ФЦГ. Мислењата кои се изразени овде не нужно ги одразуваат ставовите на Цивика мобилитас, СДЦ или пак спроведувачките организации.

# ВОВЕД

## Што треба да се знае за проблемот со зависност од игри на среќа

Зависноста од игри на среќа е прогресивна зависност што може да има многу негативни психолошки, физички и социјални последици. Класифицирана е како нарушување на контролата на импулсот. Компулсивното или проблематичното играње игри на среќа е штетно за психолошкото и физичкото здравје. Луѓето што живеат со оваа зависност може да доживеат депресија, мигрена, вознемиреност, цревни нарушувања и други проблеми поврзани со анксиозноста.

Како и со другите зависности, последиците од игрите на среќа можат да доведат до чувство на очај и беспомошност. Во некои случаи, ова може да доведе и до обиди за самоубиство. Стапката на компулсивно играње игри на среќа е зголемена на глобално ниво во последните неколку години. Поради нејзините штетни последици, зависноста од игри на среќа стана значајна грижа за јавното здравје во многу земји.

## Некои од симптомите за препознавање

Многу често кај лицата што играат игри на среќа можат да се препознаат знаци и симптоми кои упатуваат на компулсивно играње игри на среќа.

Компулсивното играње игри на среќа не е финансиски проблем, туку емотивен проблем што има финансиски последици.

Тоа влијае на начинот на кој лицето со овој проблем се однесува со своето семејство и пријатели.

Најчесто лицето ги запоставува важните настани во семејството, како и обврските и работата.

## Како да се помогне во поставување на дијагноза

За да се дијагностицира зависност од коцкање, лицето мора да се соочува со најмалку четири точки од долу наведените:

- Има потреба од вложување на зголемена сума на пари за да почувствува возбуда;
- Чувствува немир или раздразливост кога се обидува да престане со играње игри на среќа;
- Повторува неуспешни обиди да се контролира, намали или запре со игрите на среќа;
- Често размислува за играње игри на среќа и сите планови му се врзани околу игрите на среќа;
- Игра кога се чувствува потресено и/или вознемирено;
- Откако ќе изгуби пари, повторно се враќа на игрите на среќа;
- Се служи со лаги за да го прикрие своето однесување;
- Доживува проблеми во семејните врски и работата поради играње игри на среќа;
- Зависи од други лица за пари што ги троши на игри на среќа.

## Фактори што најчесто влијаат на создавање на зависноста

Компулсивното играње игри на среќа може да доведе до низа проблеми, но сепак зависноста од играњето игри може да се случи на секого. Никој не може да предвиди кај кого ќе се развие зависност од игри на среќа. Создавањето на зависноста може да се опише како спектар, почнувајќи од одговорно, проблематично, па се до компулсивно играње на игри на среќа, кога се појавува неможност за контрола на влогот, односно контрола на добивката или губитокот со компулсивна желба за враќање на изгубениот влог на штета на сите останати активности.

Однесувањето станува проблематично дури тогаш кога не може да се контролира и кога почнува да влијае на финансиите, односите со семејството, пријателите и работното место.

Поединецот најчесто не сфаќа дека има проблем со играњето игри на среќа.

Многумина коишто развиваат зависност од игри на среќа се сметаат за одговорни и стабилни личности.

Најчести фактори што можат да доведат до промена во однесувањето:

- Трауматични околности
- Стрес поврзан со работата
- Пензионирање
- Емоционални промени, како што се депресија или вознемиреност
- Осаменост
- Присуство на други зависности
- Фактори на животната средина, како што се пријатели или одредени предизвици

Во последниве години зависноста од игри на среќа претставува предизвик за повеќе истражувања. Овие истражувања сугерираат дека кај луѓето со склоност кон една зависност може да постои поголема опасност да се развие друга. Дополнително генетските и невролошките фактори може да играат значајна улога во создавањето на зависноста.

Некои луѓе кои се засегнати од компулсивно играње игри на среќа, истовремено може да имаат проблем со алкохол или дрога, што најчесто се објаснува поради предиспозицијата за зависност на личноста.

Комбирананата зависност може да се појави при обид да се намалат негативните чувства создадени од зависноста од игри на среќа. Сепак, некои луѓе кои се зависни од игрите на среќа никогаш не доживуваат друга зависност.

Фактори што го зголемуваат ризикот за стекнување зависност се:

- Депресија, анксиозни состојби, душевни заболувања или нарушувања на личноста;
- Други зависности, како што се алкохол, дрога и други психоактивни супстанци;
- Потребата за лесна добивка на пари, желбата за возбуда;
- Стресни животни настани.

## Создавање на зависност

За луѓето со зависност од игрите на среќа, чувството додека играат некоја игра на среќа е еднакво на земање дрога или алкохол.

Оваа зависност постојано влијае на расположението и состојбата на умот.

Бидејќи лицето се навикнува на ова чувство, тоа постојано го повторува однесувањето, обидувајќи се да го постигне истиот ефект празно. Кај другите зависности, како на пример кај алкохолот, почнува да се развива толеранција. За да се постигне истото чувство потребно е постојано зголемување на количината на алкохол.

Лицето кое има зависност од игри на среќа, за да ја задоволи зависноста го зголемува времето на играње на игри на среќа. Во некои случаи, овие лица ги „бркаат“своите загуби, мислејќи дека ако продолжат да играат, ќе ги вратат изгубените пари.

Се развива еден магичен круг и се зголемува желбата за оваа активност. Истовремено, можноста да се спротивстават на оваа состојба се намалува. Како што копнежот расте во интензитет и фреквенција, можноста за контрола на нагонот за играње игри на среќа слабее.

Ова може да има психолошко, лично, физичко, социјално и професионално влијание.

Ниту зачестеноста на играње, ниту изгубената количина на пари, нема да бидат доволни како потврда на зависникот дека има проблем.

Некои луѓе овој начин на играње повеќе го практикуваат периодично, отколку редовно, но емоционалните и финансиските последици на крајот се исти.

Играњето игри на среќа станува проблем кога лицето повеќе не може да престане, односно најголем дел од времето го минува играјќи игри на среќа, и кога тоа почнува да предизвикува негативно влијание врз која било област од животот на поединецот и неговите блиски.

## Можности за надминување на проблемот

Надминувањето на проблемите поврзани со оваа зависност е поделено на три вида:

**Психотерапија** - терапија насочена врз однесувањето или когнитивна терапија за промени во однесувањето (CBT). Психотерапијата и помага на индивидуата да го намали поривот да игра и да се обложува со систематско изложување на однесувањето на личноста. Когнитивната терапија помага да се промени начинот на кој индивидуата го чувствува и начинот како размислува за играњето игри на среќа.

**Лекарства** – стабилизатори на расположение и антидепресиви можат да помогнат во намалувањето на симптомите и заболувањата што понекогаш се појавуваат со зависности од игри на среќа. Некои психостабилизатори можат исто така да го намалат поривот за играње. Наркотичните антагонисти, лекови што се користат за лекување на зависности од дрога, можат да помогнат кај некои компулсивни корисници на игри на среќа.

**Групи за самопомош** - За некои зависнисци разменувањето на личните искуства и разговорот со други лица кои биле или се во слична ситуација се многу корисни во справување со зависноста.

## Видови на игри на среќа

Секој вид игра на среќа - без разлика дали е казино, спортско обложување, игри со карти, лотарија, слотови, бинго или грепки, можат да станат проблематични. Сепак, некои видови игри на среќа имаат посебни карактеристики што можат да го интензивираат проблемот и последиците.

Истражувањата посочуваат дека значаен фактор на ризик може да биде брзата игра. Оттука на пример, се смета дека игрите кај кои  има кратко време помеѓу ставање влог и соочување со резултатите претставуваат поголем ризик за играчите.

## Распространетост

Колку честа појава е зависноста од игри на среќа?

Игрите на среќа се широко распространети. Зголемената достапност, повикува на поголема свесност, одговорност и соодветна легислатива.

Секој што обезбедува услуги за игри на среќа има одговорност да развива политики и програми за решавање и превенција на зависности што ќе влијаат на свесноста на малолетните лица, играчите на игри на среќа и зависниците од истите.

Треба да се поттикнуваат и поддржуваат активностите поврзани со истражување, третман и спречување на проблемите со обложување и останати игри на среќа.

## Како да си помогнете

Постојат различни тестови за само евалуација достапни на интернет, што може да бидат корисни за лицата што се сомневаат дека може да имаат проблем со игри на среќа.

Овие тестови нема да дадат точна дијагноза и нема да ја заменат проценката лице во лице со стручно лице, но тие можат да им помогнат на луѓето да одлучат дали да побараат стручна помош за нивното проблематично играње на игри на среќа.

Стручните служби ќе обезбедат детална проценка и ќе развијат соодветен план за лекување, заснован на потребите на поединецот.

Поддршката и помошта може да бидат потребни за решавање на различни аспекти од животот на лицето, семејството, образованието, финансиските проблеми, какви било правни проблеми и професионалната состојба.

Секој што се сомнева дека има зависност од игри на среќа треба да побара помош. Секој што е загрижен за проблематично играње игри на среќа може да добие доверлива поддршка преку телефонскиот број 02 3212 690.

## Како влијае компулсивното играње игри на среќа врз семејството

Бројката на лица кои компулсивно играат игри на среќа во Република Северна Македонија е значителен, а уште позначајно е дека овој проблем не влијае само на личноста што го зголемува бројот на лица засегнати од комплулсивно играње игри на среќа. Долгорочните последици од оваа зависност ги чувствуваат партнерите, децата, пријателите, поширокото семејство, работодавачите и соработниците, но сепак најтешко погодено е семејството.
Членовите од семејството не само што страдаат поради финансиските проблеми, тие се соочуваат со низа други психолошки и социјални проблеми. Стапките на разводи, семејно насилство, злоупотреба на децата и нивно запоставување е многу повисока во семејства каде едниот или двајцата родители имаат ваков проблем.

## Материјално лишување

Зависникот обземен од својата зависност и опседнат со освојување џекпот, не е во состојба да размислува јасно. Тој е во костец на толку моќна ментална опсесија што повеќе не може да разликува правилно и погрешно кога станува збор за игрите на среќа. Тој ќе се обложи на својата плата, ќе ја стави куќата под хипотека и ќе продаде што може за да заработи пари; тој ќе позајми од семејството, пријателите и ќе земе пари под лихва, тој ќе направи проневера на работното место, ќе земе брз кредит, ќе ги искористи сите свои кредитни картички, а сепак ќе негира дека има зависност.

## Развод

Анализите покажуваат дека стапката на разводи кај семејствата во кои има зависник од играње игри на среќа е висока. Тензијата помеѓу партнерите е постојана. Како што зависникот губи, сè повеќе се зголемуваат чувствата на страв и срам. Промените во неговото расположение се поврзани со неговата зависност (дали ќе добие или ќе изгуби) ескалација кога ќе победи, воздржаност кога ќе изгуби. Тој се лути, станува повлечен и тежок за комуникација.
Напнатоста и гневот ескалираат. Разводот може да изгледа како единствена опција за надминување на дадената состојба. Не можејќи да го издржат хроничниот хаос, брачниот пар се разделува, оставајќи зад себе уништени и скршени животи. И после ова зависникот најчесто продолжува со својата зависност.

## Семејно насилство

Малку зависници сметаат дека нивното играње игри на среќа придонесува за проблемите со кои се соочуваат. Постојаната внатрешна напнатост со која живеат овие лица се крши. Многу лица со овој проблем започнуваат да пијат алкохол во обид да ја намалат оваа напнатост. Многумина од нив започнуваат да користат психоактивни супстанции за да го ослободат притисокот.

Тие се подготвени секогаш да ги обвинуваат надворешните околности и другите луѓе за своите проблеми, а партнерот е главната цел за вината. Никогаш не се знае какво ќе биде расположението на зависникот и неговиот темперамент, поради тоа секој ден се живее во страв од неговиот експлозивен бес. Понекогаш тој бес доведува до насилство, физички и вербални напади, малтретирање или силување.

Постојаниот напор, финансиски притисок и емоционалните издигнувања и падови што ги доживуваат компулсивните зависници, не им дозволуваат да функционираат зрело. Нивните деца се ранливи, физички, емоционално и вербално злоставувани и запоставувани.

Кога некој член на семејството или некој со кој живеат има проблем со обложување и останати игри на среќа, децата се исто така засегнати од ситуацијата. Тој нема психолошка бариера што му дозволува да направи чекор назад и повторно да се преиспита. Неговиот бес е секогаш на површината и е потребно многу малку за да избувне. Компулсивниот играч на игри на среќа не поседува способност да го дисциплинира својот бес, па така бесот, стравот и фрустрацијата најчесто ги истура врз неговите деца кои не се во можност да се заштитат. Растењето во ваква средина е длабоко штетно за детето, за неговото чувство на сигурност, доверба и благосостојба. Тие се невини жртви на зависноста.

## Влијанието на родител - зависник од игри на среќа врз детето

Многу луѓе кои сакаат да ја победат својата навика за играње игри на среќа велат дека се загрижени за влијанието што истото го има врз нивните деца.

На пример, децата може да бидат збунети околу тоа што се случува со нивниот родител, кој што се однесува нетипично за својот карактер. Куќата станува запоставена и неуредна, облеката нечиста, оброците нередовни. Често родителот поминува подолг временски период надвор, но и кога е присутен се чини дека неговиот интерес е на друго место.

Од овој проблем децата можат да бидат погодени на различни начини, вклучувајќи:

**Негативен модел** - ако родителот игра игри на среќа за да го ослободи стресот или поради здодевност, може да му даде пример на детето дека играњето игри на среќа е начин да се справи со проблемите, односно дека треба да добие пари на игри на среќа за да ги плати сметките. Во иднина, детето може да го стори истото, наместо да се соочи со понатамошниот проблем. Кога ќе се појавуваат поголеми предизвици во неговиот живот, тоа може да се сврти кон игри на среќа што дополнително ќе ги отежни работите.

**Изложеност на конфликт** – проблематичното и компулсивно играње игри на среќа често резултира со конфликт во домот. Ова може да се должи на зголемен стрес од недостаток на финансии и прашања на доверба. На децата кои се често изложени на конфликт, може да им биде тешко да ги изразат емоциите на соодветен начин. Понекогаш ова е видливо во проблеми во однесувањето, влошен успех на училиште, повлекување во самите себе, повлекување од семејниот живот и т.н. Постои силна врска помеѓу компулсивното играње игри на среќа и

семејното насилство, при што околу една третина од луѓето со проблеми со коцкање известуваат дека се жртви или извршители на семејно насилство (Dowling, 2014).

**Помалку ресурси** - неконтролираното играње игри на среќа оди заедно со финансискиот стрес, а децата секако можат да го почувствуваат влијанието на истиот. Ова може да се должи на тоа дека има се помалку пари за децата, а во некои случаи, дури и за основните потреби за живот. Растењето во околина каде што има финансиска нестабилност исто така може да влијае на чувството на сигурност и стабилност на детето.

**Квалитет на врските** - Кога ќе станат зависни од спортско обложување и останати игри на среќа, луѓето се сè помалку присутни и достапни. Едно од најмоќните влијанија за благосостојбата на детето е квалитетот на односот на родителите и на возрасните кои се блиски до нив. Многу луѓе откриваат дека поради времето што го поминуваат фокусирани на играње игри на среќа, имаат се помалку време да комуницираат со луѓето околу нив, вклучително и со децата. Ова може да биде збунувачко и вознемирувачко за децата, кои не можат да разберат зошто не привлекуваат внимание.

Децата по природа, можат да бидат доста прилагодливи. Многу зависници од игри на среќа се длабоко мотивирани од потребите на нивните деца и тоа може корисно да се одрази кон справување со зависноста.

## Методолошка рамка

Еден од најновите проблеми во модерното општество е рапидното зголемување и масовната распространетост на игрите на среќа, обложувалниците, автомат клубовите и казината. Сведоци сме дека маалските продавници им го отстапуваат местото на големите компании за обложување и други игри на среќа што ги прави уште подостапни и особено ризични за малолетниците кои лесно може да бидат заведени од потенцијалните можности кои ги нудат игрите на среќа.

Поради промена на системот на вредности понудата на овие казина и апаратите за покер стануваат сè поатрактивни за луѓето кои се надеваат на брза заработувачка. Затоа се зголемува бројот на луѓето кои стануваат зависни од ваков тип на забава.

Зависникот од игри на среќа претставува товар на општеството поради неговиот нарушен економски статус и овој проблем директно го засега и неговото семејство. Проблемите од зависноста се префрлаат и на неговите работни навики и ја доведуваат во прашање неговата егзистенција.

Зависноста од игри на среќа е глобален проблем на кој во Република Северна Македонија сè уште не се гледа како на сериозен проблем и нема развиено механизми за превенција и лекување на лицата кои се соочуваат со истиот. Бројките говорат дека обложувањата и игрите на среќа се горлив проблем и во малите градови каде што изворите на забава се ограничени.

Многу студии веќе докажале дека играњето на игри на среќа земаат најголем замав во земјите во транзиција како што е и Република Северна Македонија, што дополнително говори за сериозноста на проблемот.

### Цел на истражувањето

Да се добијат сознанија за состојбата помеѓу младите за играње на игри на среќа и за колкав е степенот на информираноста на наставниците и родителите за распространетоста на игрите на среќа помеѓу младите.

### Целни групи

Анкетното истражување беше спроведено на учениците кои се вклучени во средното образование во осум градови во Република Северна Македонија и тоа во следните градови: Гевгелија, Струмица, Велес, Штип, Битола, Прилеп, Тетово и Куманово.

## Примерок на истражување

Анкетното истражување беше спроведено на вкупно 3724 ученици во средните училишта, од прва, втора, трета и четврта година во осум градови во Република Северна Македонија.

# АНАЛИЗАТА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

**Графикон број 1. Структура на учениците според возраст**

Според обработените податоци, најголемиот број од анкетираните ученици биле на возраст од 16 години, вкупно 1246 ученици или 33.5%. Од нив вкупно 959 ученици или 25.8% се на возраст од 15 години и вкупно 812 ученици или 21,8 % се на возраст од 17 години.

Возраста на која младите најчесто почнуваат да експериментираат со многу предизвици е значајна за појавата на многу социопатолошки појави. Примерокот може да нѐ упати и за заинтересираноста кај младите за играњето на игри на среќа.




13-2

14-96

15-959

16-1246

17-812

18-554

19-10

20-2

Нема одговор-43

**Графикон број 2. Структура на ученици според пол**

Според полот, најголемиот број од анкетирани ученици вкупно 1878 испитаници или 50% се женски, а вкупно 1770 или 48% се машки. На ова прашање не одговориле 76 ученици, односно само 2%. Според овој податок, можеме да споредиме каков е интересот за оваа појава кај учениците од машки и женски пол. Иако е незначајно вредносноста, сепак во оваа анкета, женските испитанички се побројни од машките испитаници, во играњето на игри на среќа што упатува на менување на ставовите помеѓу машки и женски за играње на игри на среќа.




Женски – 1878

Машки – 1770

Нема одговор - 76

**Графикон број 3. Интерес за играње на игра на среќа кај учениците**

На графикон број 3 е прикажан интересот за играње игри на среќа кај младите. Податокот дека вкупно 2565 ученици или 69% од анкетираните ученици некогаш играле некоја игра на среќа, упатува за сериозноста за покажаниот интерес кај младите, за играње игри на среќа и потребата од спроведување на превентивни активности за спречување и намалување оваа појава.




Да – 2565

Не – 1135

Нема одговор - 24

**Графикон број 4. Возрасна структура за учениците за играње на некоја игра на среќа за прв пат**

На овој графикон е прикажана возраста на која лицето прв пат играло некоја игра на среќа. Од добиените резултати може да се забележи дека најголемиот број ученици, вкупно 466 или 13% од испитаниците, започнале да играат игри на среќа на 14 години, потоа 460 или 12% испитаници, започнале на 15 годин , и на 13 години 321 или 9%, испитаници. Податокот дека некои прв пат започнале на 7 години дава слика дека сепак и младите покажуваат интерес за играње на игри на среќа на многу мала возраст.

1-2
4-3
5-6
6-12
7-21
8-26
9-51
10-221
11-102
12-225
13-321
14-466
15-460
16-269
17-162
18-20
19-3
незнам-31




**Графикон број 5. Кој вид игри на среќа го користат учениците**

На графикон број 5, е прикажан изборот на игрите на среќа според кој можеме да забележиме дека најголемиот број од анкетираните ученици вкупно 1070 или 29% дале позитивен одговор дека играат лото, вкупно 921 ученик или 25% од анкетираните ученици се обложуваат во спортска обложувалница што зборува за предизвикот кај младите да играат игри на среќа имајќи предвид дека станува збор за млади на возраст од 14 до 18 години.




Казино - 253

Лото - 1070

Покер - 98

Слот машини - 150

Спортска обложувалница - 921

Нема одговор - 1232

**Графикон број 6. Временска фреквенција на играње на игри на среќа на учениците**

На графиконот број 6 е прикажано колку често учениците играат игри на среќа. Значаен е податокот дека од анкетираните учениците, вкупно 711 ученици или 19% играат игри на среќа помалку од еднаш месечно. Но исто така значајно е и тоа што и процентот на тие што играат најмалку еднаш месечно и скоро секој ден се исти, односно 7%,од испитаниците како и процентот на тие што играат еднаш неделно и помалку од еднаш неделно односно 8%, што упатува на фактот дека младите сепак многу често покажуваат интерес за игрите на среќа.




| | |
|---|---|
| 2-3 пати неделно | 227 |
| Еднаш неделно | 285 |
| Најмалку еднаш месечно | 253 |
| Најмалку еднаш неделно | 127 |
| Не играм | 1457 |
| Помалку од еднаш месечно | 711 |
| Помалку од еднаш неделно | 308 |
| Скоро секој ден | 256 |
| *Не одговориле | 100 |

**Графикон број 7. Поврзаноста на играње на игри на среќа со употреба на средства кои создаваат зависност**

На графикон број 7 се прикажани изборите кои упатуваат на сознанија за поврзаноста на игрите на среќа и употребата на дрога, тутун и алкохол или како најчесто се објаснуваат како болести на зависност. Радува податокот дека 87% од анкетираните испитаници 3257, дале негативен одговор, но истовремено податокот дека 6% од испитаниците тоа го прават понекогаш, а 4% често, ни укажува на потребата од едукација за превенција од болести на зависност кај младите.




| | |
|---|---|
| Не | 3257 |
| Понекогаш | 218 |
| Често | 137 |
| Нема одговор | 112 |

**Графикон број 8. Играњето на игри на среќа кај учениците пред излегување**

На овој графикон број 8 се прикажани интересите на анкетираните ученици за играње на игрите на среќа. Од анкетираните ученици кои дале позитивен одговор на ова прашање, вкупно 275 или 8% од испитаниците одговориле дека играат игри на среќа пред да излезат во град, а вкупно 459 ученици или 12% од анкетираните испитаници тоа го прават понекогаш. Ова се многу значајни податоци бидејќи доколку игрите на среќа треба да бидат исклучиво за забава, а не за остварување на материјална добивка, тогаш се соочуваме со проблем на постоење големи можности кај оваа целна група, игрите на среќа да станат мотив за брза заработувачка, а со самото тоа и за создавање на зависност која понатаму ќе ескалира со низа социјални, психолошки и здравствени проблеми.




| | |
|---|---|
| Да | 275 |
| Не | 2909 |
| Понекогаш | 459 |
| Нема одговор | 81 |

**Графикон број 9. Играње игри на среќа кај учениците после забава**

На графикон број 9 се прикажани резултатите за останатите мотиви за играње среќа како што е поврат на потрошените пари. Вкупно 3188 ученици или 86% од испитаниците одговориле негативно, на поставеното прашање. Од позитивните одговори се препознава поттикот да се врати изгубеното и ризикот да не се сопре со играњето, а со цел да се поврати изгубеното. Тоа се препознава кај вкупно 275 ученици или 7% од испитаниците, со одговор дека тоа го прават понекогаш и вкупно 175 ученици или 5% дека го прават од такви побуди. Оваа информација е значајна за мотивите за играњето на игри на среќа и спремноста за загуба на вложените средства. Во спротивно реакцијата може да влијае негативно на лицето кое одлучило да игра игри на среќа за придобивка, а не за забава.




| | |
|---|---|
| Да | 175 |
| Не | 3188 |
| Понекогаш | 275 |
| Нема одговор | 86 |

**Графикон број 10. Влијанието на играњето на среќа врз расположението кај учениците**

На графикон број 10 се прикажани изборите на анкетираните ученици за тоа како игрите на среќа влијаат на нивното расположение. Од нив вкупно 2252 ученици или 60% дале одговор дека не влијае на нивното расположение. Значителна е бројката од 727 ученици или 20% кои не се сигурни или незнаат дали исходот влијае на нивното расположение. Вкупно 635 ученици или 17% се изјасниле дека играњето на игри на среќа влијае на нивното расположение. Додека пак 1362 или 37% од анкетираните ученици сметаат дека расположението влијае од исходот од игрите на среќа, процент кој не е за занемарување бидејќи лошото расположение може да биде причина за проблематични однесувања во опкружувањето.




| | |
|---|---|
| Да | 635 |
| Не | 2252 |
| Не знам | 727 |
| Нема одговор | 110 |

**Графикон број 11. Влијанието на средината на учениците на играњето на игри на среќа**

На графикон број 11 дадени се одговорите од анкетираните ученици за влијанието на врсниците во играњето на игри на среќа. Ова прашање е поврзано со периодот на адолесценцијата кога за многу избори во секојдневието поголемо влијание има врсничката група, отколку влијанието на родителите и другите воспитни фактори. Иако поголемиот број од анкетираните ученици вкупно 2730 или 73% од испитаниците дале одговор дека врсниците не влијаат, збирот на изборите „да" и „не знам" упатуваат на тоа дека сепак овој притисок постои кај младите. Оттука кај 581 ученик или 24% може да се заклучи дека го чувствуваат влијанието на врсничката група во изборот дали да играат игри на среќа.




| | |
|---|---|
| Да | 413 |
| Не | 2730 |
| Не знам | 468 |
| Нема одговор | 113 |

**Графикон број 12. Свесноста за штетните последици кај учениците од спортското обложување и останатите игри на среќа**

На овој графикон се забележува дека младите и покрај тоа што ги практикуваат игрите на среќа го препознаваат фактот за нивниот ризик од стекнување зависност. Оттаму 2748 ученици или 74% од испитаниците, одговориле дека се свесни за ризикот од играње на игри на среќа. Вкупно 855 ученици или 23% испитаници не знаат и не се свесни за последиците од спортското обложување и останатите игри на среќа. Овие резултати се значаен индикатор за потребата за зголемување на нивото на информираност и едукацијаза избор на одговорно играње на игри на среќа и запознавање со проблемите поврзани со проблематичното играње на игри на среќа.




| | |
|---|---|
| Да | 2748 |
| Не | 523 |
| Незнам | 332 |
| Нема одговор | 121 |

**Графикон број 13. Обезбедување на средства на учениците за играње на игри на среќа**

На овој графикон е прикажан изборот на анкетираните ученици за обезбедување на средства за играње на игри на среќа. Од направените избори може да се заклучи дека само 199 ученици или 5% од анкетираните испитаници, биле принудени да продадат нешто за да обезбедат средства за играње на игри на среќа, а вкупно 93 ученици или 3% не дале одговор. Иако прикажаниот резултат не е значителен, сепак тој е доволен показател дека кај овие лица постои притисок за играње на игри на среќа, независно од која побуда е истото.




| | |
|---|---|
| Да | 199 |
| Не | 3431 |
| Нема одговор | 94 |

**Графикон број 14. Поврзаноста на играњето на игри на среќа со позајмувањето на средства за играње**

На графикон број 14 се прикажани изборите за поврзаноста помеѓу играњето на игри на среќа и позајмувањето на средства за играње на истите. Најголемиот дел од анкетираните ученици вкупно 3321 или 89% од испитаниците не го практикувале позајмувањето средства, но сепак помеѓу анкетираните ученици 215 или 6% го направиле тоа. Вкупно 90 ученици или 2% од испитаниците тоа го прават понекогаш, што е значаен податок за создавањето на дополнителни проблеми поврзани со позајмување на средства независно дали тоа е од одредени лица.




| | |
|---|---|
| Да | 215 |
| Не | 3321 |
| Понекогаш | 90 |
| Нема одговор | 98 |

**Графикон број 15. Информираноста на родителите на учениците за играњето игри на среќа**

На графикон број 15 се прикажани резултатите за информираноста на родителите за играњето игри на среќа кај нивните деца. Од нив вкупно 1608 или 43% од анкетираните испитаници се изјасниле дека нивните родители знаат, додека 1264 ученици или 34% сметаат дека не знаат и 437 ученици или 12% дека не се сигурни дека нивните родители знаат дека играат игри на среќа. Резултатите од ова прашање упатуваат на ситуации од секојдневните контакти со лицата зависни од игри на среќа. Најчесто родителите не се свесни и не го сфаќаат играњето игри на среќа како сериозен проблем, а исто така младите најчесто прикриват дека играат игри на среќа бидејќи најчесто средствата кои ги користат за оваа цел се парите дадени за доручек, излегување и слично.




| | |
|---|---|
| Да | 1608 |
| Не | 1264 |
| Не сум сигурен | 437 |
| Нема одговор | 415 |

**Графикон број 16. Ставовите на родителите за играње на игри насреќа**

На графикон број 16 се прикажани изборите на анкетираните ученици за ставовите на нивните родители за играњето на игри на среќа, 1831 ученици или 49% од испитаниците одговориле дека родителите истото не би го дозволиле. Но вкупно 941 или 25% од анкетираните испитаници дале одговор дека родителите би го одобриле нивното играње на игри на среќа. Вкупно 757 ученици, или 21% не се сигурни за размислувањата на родителите. Сепак очекувањата за ставовите на родителите би биле појасни кога изборите би биле посигурни и би биле со процент кој би упатувал дека родителите оставаат јасна порака кон децата за играњето игри на среќа.




| | |
|---|---|
| Да | 941 |
| Не | 1831 |
| Не сум сигурен | 757 |
| Нема одговор | 195 |

**Графикон број 17. Информираноста на наставниците за изборот на учениците да играат игри на среќа**

На графикон број 17 се прикажани резултатите за информираноста на наставниците за изборот на учениците да играат игри на среќа. Поголемиот број од анкетираните 2086 ученици или 56% испитанци е податокот дека наставниците не знаат дека тие играат игри на среќа. Додека 413 ученици или 11%, испитаници се изјасниле дека наставниците знаат дека тие играат игри на среќа, 22% или 827 ученици не се сигурни дали знаат, а 398 или 11% не дале одговор, податоци кои се дискутабилни.




| | |
|---|---|
| Да | 413 |
| Не | 2086 |
| Не сум сигурен | 827 |
| Нема одговор | 398 |

**Графикон број 18. Односот на наставниците кон учениците доколку знаат дека тие играат игри на среќа**

На графикон број 18 се прикажани одговорите за односот на наставниците кон учениците доколку знаат дека тие играат игри на среќа и 1516 или 41% од анкетираните испитаници, сметаат дека нема да го промени нивниот однос, а 736 или 20% мислат дека ќе го промени, 31% или 1177 испитаници не се сигурни. Ова е интересно размислување имајќи во предвид дека 20% не дале одговор на ова прашање, а збирот на одговорите „не сум сигурен" и „да" е 39%. Процент многу близок до негативниот што сепак упатува на тоа дека учениците чувствуваат различни ставови помеѓу наставниците во однос на играњето игри на среќа од страна на учениците.




| | |
|---|---|
| Да | 736 |
| Не | 1516 |
| Не сум сигурен | 1177 |
| Нема одговор | 295 |

**Графикон број 19. Потреба за прослава на значаен момент со играње на игри на среќа**

На графикон број 19 се прикажани изборите за поврзаноста на игрите на среќа и прославата на одредени значајни моменти кај учениците. Иако вкупно 2775 ученици или 74% од анкетираните испитаници, дале негативен одговор сепак помеѓу анкетираните испитаници, добиен е податокот од 526 ученици или 14% испитаници дека практикуваат да прослават со играњето игри на среќа, што упатува на постоење на практикување на нов тренд на прославување на одреден убав момент помеѓу младите, со посета на казина и играње на игри на среќа.




| | |
|---|---|
| Да | 526 |
| Не | 2775 |
| Не знам | 289 |
| Нема одговор | 134 |

**Графикон број 20. Причини за играње на игри на среќа кај учениците**

На графикон број 20 се прикажани изборите од анкетираните ученици за причините поради кои најчесто играат игри на среќа, а како избор е дадено бегство од досада. Најголемиот број односно 2361 од учениците или 64% од испитаниците дале негативен одговор дека сепак мотивите се од друга природа која би требало да претставува поле на интерес кај истражувачите зошто младите играат игри на среќа.




| | |
|---|---|
| Да | 786 |
| Не | 2361 |
| Не знам | 423 |
| Нема одговор | 154 |

**Графикон број 21. Влијанието на игрите на среќа врз секојдневните обврски на учениците**

На графикон број 21 прикажани се изборите за влијанието на игрите на среќа врз секојдневните обврски на анкетираните. Негативниот избор што го дале 3287 ученици односно 88%, испитаници би бил за поздравување во однос на позитивниот избор од 6% кој сепак не треба да се занемари имајќи предвид дека станува збор за млада популација која е во екот на формирањето на карактерот, создавање и зацврстувањето на работните навики.




| | |
|---|---|
| Да | 226 |
| Не | 3287 |
| Не знам | 99 |
| Нема одговор | 112 |

**Графикон број 22. Изворот на средства кои учениците ги трошат за играње на игри на среќа**

На графикон број 22, прикажани се резултатите од изборите за изворот на средствата кои учениците ги трошат за играње на игри на среќа. Од добиениот податок на ова прашање вкупно 2925 ученици или 79% испитаници се изјасниле дека средствата ги трошат не се од дневниот џепарлак, додека 536 ученици или 14% одговориле дека практикуваат средствата да ги трошат од дневниот џепарлак што преставува сериозен проблем и се поврзува со претходните прашања во анкетата, кој може да влијае на расположението и на создавање на мотив да се поврати изгубеното или да се зголеми буџетот на џепарлакот.




| | |
|---|---|
| Да | 536 |
| Не | 2925 |
| Не знам | 153 |
| Нема одговор | 110 |

## Компаративна анализа на резултатите од анкетното истражување

Во овој дел од истражувањето направени се споредувања по градови на одреден број на прашања кои се покажале како значајни во анкетата и би можеле да влијаат на спроведување на одредени превентивни активности помеѓу младите.

### Графикон број 23. Играњето игри на среќа на учениците според градови и пол

На графикон број 23 се прикажанирезултатите од анкетата на прашањето, дали некогаш учениците играле некоја игра на среќа, по градови и пол. Најголемиот број од учениците 657 или 27% од тие што некогаш играле некоја игра на среќа помеѓу машките се од следните градови: Гевгелија, Штип и Битола, додека пак кај женските најголемиот број од нив 620 ученички или 24% се од следните градови: Прилеп, Битола и Струмица со исти проценти. Најмал процент и на машки и на женски е во Тетово. Значајно е тоа што постои незначителна разлика помеѓу машките и женските кои играле игри на среќа, што претставува сериозен проблем за еднаквата заинтесираност за оваа појава.




| | Битола | Велес | Гевгелија | Куманово | Прилеп | Струмица | Тетово | Штип |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Да** | **422** | **270** | **388** | **268** | **396** | **323** | **96** | **349** |
| Женски | 230 | 103 | 144 | 133 | 237 | 153 | 35 | 128 |
| Машки | 192 | 167 | 244 | 135 | 159 | 170 | 61 | 221 |

### Графикон број 24. Играње на игри на среќа на учениците според градови

На графикон број 24 се прикажани резултатите од прашањето дали некогаш играле некоја игра на среќа според градови и можеме да забележиме дека овој процент е со незначителни разлики во повеќето градови. Поточно, забележан е ист процент од 16%, во градовите: Битола, Гевгелија, Прилеп, Штип 14%, Струмица 13% и Тетово се со најмал број од испитаниците, односно 4%.




| | Битола | Велес | Гевгелија | Куманово | Прилеп | Струмица | Тетово | Штип |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Да | 422 | 278 | 404 | 272 | 406 | 333 | 100 | 350 |

**Графикон бр 25. Полова структура на учениците во однос на играњето различни игри на среќа**

На графикон број 25 се прикажани резултатите за половата структура на учениците во однос на кој вид на игра на среќа најчесто ја играат и интересно е да се забележи дека од тие што дале позитивен одговор, женските најчесто играат лото и тоа со повисок процент од машките, додека машките најчесто играат во спортска обложувалница. Дополнително значаен податок е дека играње во казино практикуваат и машките и женските испитаници со незначителна меѓесубна разлика, односно 4% и 3%.




| | Женски | Машки |
|---|---|---|
| Казино | 105 | 137 |
| Лото | 721 | 338 |
| Покер | 37 | 58 |
| Слотмашини | 44 | 106 |
| Спортскаобложувалница | 244 | 657 |
| Нема одговор | 727 | 474 |

## Графикон број 26. Кои видови игри на среќа ги користат учениците

На графикон број 26 се прикажани резултатите по градови за која игра на среќа најмногу се практикува. Интересен е податокот дека играњето на лото се појавува како избор со најголем процент во повеќето градови, освен во Тетово, потоа играњето на спортска обложувалница исто така со мали разлики во сите градови, додека градот Тетово, каде што повторно е забележан со најмал процент во однос на останатите градови. Значајно е тоа што кај изборот на казино помеѓу изборите по градови доминира во Битола.




## Графикон број 27. Поделба на учениците кои играат игри на среќа според пол

На Графикон број 27 се прикажани резултатите колку често учениците играат игри на среќа во однос на нивната полова структура. Од добиените резултати изненадува податокот дека женските испитанички играат игри на среќа почесто отколку машките во изборот помалку од еднаш месечно, но во другите избори доминираат машките, а најмногу играат еднаш неделно односно 6%. Процентуалните разлики во изборите се со незначителни проценти што зборува дека и машките и женските испитаници подеднакво покажуваат интерес за играње на игри на среќа.




| | Женски | Машки |
|---|---|---|
| 2-3 пати неделно | 49 | 171 |
| Еднаш неделно | 81 | 198 |
| Најмалку еднаш месечно | 122 | 127 |
| Најмалку еднаш неделно | 75 | 49 |
| Не играм | 857 | 572 |
| Помалку од еднаш месечно | 363 | 334 |
| Помалку од еднаш неделно | 207 | 99 |
| Скоро секој ден | 74 | 176 |
| Нема одговор | 50 | 44 |

**Графикон број 28. Свесноста за штетните последици од играње игри на среќа кај учениците**

Графикон број 28 ни дава информации за тоа колку учениците се свесни за штетните последици од играње игри на среќа.

Задоволува податокот дека 75% од младите се свесни за игрите на среќа, но податокот дека 13% од испитаниците не се свесни и 9% од испитаниците не знаат. Овој податок загрижува имајќи предвид дека интересот за играњето на игри на среќа е на високо ниво. Исто така тоа упатува на потреба од превентивна едукација за штетните последици од игрите на среќа кај најмладите во основно и средно образование.




**Графикон број 29. Свесноста за штетните последици на учениците од играње игри на среќа според местото на живеење на испитаниците**

Графикон број 29, ја прикажува анализата на прашањето кај машкиот пол според место на живеење. Резултатите покажуваат дека во Штип, вкупно 48 или 11% од испитаниците не се свесни и 5% не знаат дали игрите на среќа се штетни, додека 9% од испитаниците, во Битола и Велес, одговориле дека не се свесни.




| | Битола | Велес | Гевгелија | Куманово | Прилеп | Струмица | Тетово | Штип | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Не** | **40** | **37** | **33** | **29** | **27** | **24** | **31** | **48** | **269** |
| Машки | 40 | 37 | 33 | 29 | 27 | 24 | 31 | 48 | 269 |
| **Незнам** | **18** | **23** | **27** | **20** | **11** | **17** | **16** | **21** | **153** |
| Машки | 18 | 23 | 27 | 20 | 11 | 17 | 16 | 21 | 153 |
| **ВКУПНО** | **58** | **60** | **60** | **49** | **38** | **41** | **47** | **69** | **422** |

**Графикон број 30. Свесноста за штетните последици на ученичките од играње игри на среќа според местото на живеење**

Графикон број 30 ја прикажува анализата на претходното прашањето кај женскиот пол според место на живеење. Резултатите покажуваат дека најголемиот број од женските, односно вкупно 42 или 10%, кои што не се свесни за штетните последици се во Битола, потоа во Штип и Прилеп со ист процент, односно 8%.
Овие податоците треба да нè упатат за преземање на конкретни превентивни активности за штетното влијание на игрите на среќа.




| | Битола | Велес | Гевгелија | Куманово | Прилеп | Струмица | Тетово | Штип | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Не** | **42** | **20** | **30** | **28** | **32** | **27** | **21** | **34** | **234** |
| Женски | 42 | 20 | 30 | 28 | 32 | 27 | 21 | 34 | 234 |
| **Незнам** | **19** | **25** | **19** | **20** | **33** | **16** | **21** | **15** | **168** |
| Женски | 19 | 25 | 19 | 20 | 33 | 16 | 21 | 15 | 168 |
| **ВКУПНО** | **61** | **45** | **49** | **48** | **65** | **43** | **42** | **49** | **402** |

**Графикон број 31. Играњето на игри на среќа и обезбедување средства за забава кај учениците**

На графикон број 31, дадени се одговорите поврзани со играњето на игри на среќа и обезбедувањето средства за забава, каде најголемиот број од испитаниците велат дека не го практикуваат тоа, но вкупно 65 ученици или 2% во Штип, а со помал процент од 1% испитаници е забележано како податок во сите градови што зборува дека оваа појава е присутна во сите градови кај младите како поттик за играње игри на среќа да биде заработувачка за вечерно излегување.




| | Битола | Велес | Гевгелија | Куманово | Прилеп | Струмица | Тетово | Штип | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Да | 54 | 26 | 37 | 33 | 22 | 24 | 14 | 65 | 275 |
| Не | 386 | 296 | 400 | 382 | 507 | 341 | 301 | 296 | 2909 |
| Понекогаш | 82 | 67 | 81 | 41 | 49 | 60 | 16 | 63 | 459 |
| **ВКУПНО** | **522** | **389** | **518** | **456** | **578** | **425** | **331** | **424** | **3643** |

## Графикон број 32. Информираноста на родителите на учениците за играњето на игри за среќа

На овој графикон можеме да ги видиме резултатите за тоа колку родителите знаат дека нивните деца играат игри на среќа. Најголемиот дел од нив вкупно 1608 ученици или 49% од испитаниците, се изјасниле дека знаат, но и податоците за „не“ 38% и „не сум сигурен“ 13% се значителни бидејќи даваат податок дека поголемиот број на родители не знаат дека нивните деца играат некоја игра на среќа.



**Графикон број 33. Информираноста на родителите за учениците за играњето на игри на среќа според нивното место на живеење**

Истото прашање анализирано по градови дава податок дека во сите градови процентите се движат со мали отстапувања и во позитивните и во негативните одговори, а со најголеми проценти, односно 8% од испитаниците со позитивни одговори се од градовите Прилеп и Гевгелија, а со негативни одговори со највисоки проценти од 6% од испитаниците се од Тетово и Прилеп.




| | Битола | Велес | Гевгелија | Куманово | Прилеп | Струмица | Тетово | Штип | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Да | 241 | 200 | 263 | 177 | 280 | 216 | 52 | 179 | 1608 |
| Не | 176 | 113 | 142 | 152 | 200 | 123 | 186 | 172 | 1264 |
| Несумсигурен | 66 | 52 | 63 | 59 | 51 | 61 | 27 | 58 | 437 |
| **ВКУПНО** | **483** | **365** | **468** | **388** | **531** | **400** | **265** | **409** | **3309** |

**Графикон број 34. Информираноста на родителите за учениците во однос на видот игрите на среќа кои ги играат учениците**

| | Казино | Лото | Покер | Слот машини | Спортска обложувалница | Нема одговор | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Да | 100 | 717 | 50 | 46 | 569 | 126 | 1608 |
| **ВКУПНО** | **100** | **717** | **50** | **46** | **569** | **126** | **1608** |




**Графикон број 35. Одобрување на родители на учениците за играње на игри на среќа**

На графикон бој 35 се прикажани одговорите за прашањето дали родителите би го дозволиле играњето игри на среќа поделени по градови. Од дадените одговори „да“ и „не сум сигурен“ може да се забележи дека во градот  Тетово,  младите стравуваат од сознанието на родителите дека играат игри на среќа, додека во другите градови процентите се приближни, а се истакнуваат во градовите: Прилеп, Гевгелија и Битола, во однос на слободата на играњето на игри на среќа и информираноста на семејството.




| | Битола | Велес | Гевгелија | Куманово | Прилеп | Струмица | Тетово | Штип | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Да | 145 | 115 | 157 | 97 | 163 | 116 | 29 | 119 | 941 |
| Несумсигурен | 123 | 79 | 130 | 96 | 130 | 100 | 21 | 78 | 757 |
| **ВКУПНО** | **268** | **194** | **287** | **193** | **293** | **216** | **50** | **197** | **1698** |

**Графикон број 36. Бегството од досада како мотив за играње игри на среќа**

На овој графикон се прикажани резултатите за играњето игри на среќа, според тоа дали „бегството од досада"е потенцијалниот мотив за играње. Податоците покажуваат дека, и покрај тоа што најголемиот број на испитаниците, 64%, одговориле дека бегството од досада не им претставува мотив, дел од анкетираните, односно 21%, одговориле дека играњето на игри на среќа е обид за бегство од досада, 11% ,не знаат", што е сериозен податок за надминување на досадата со играње на игри на среќа.




**Графикон број 37. Задоволството од играњето на игри на среќа кај учениците**

На прашањето дали играњето игри на среќа е обид за бегство од досада, анализирано според градови, од тие што одговориле позитивно процентот е со мали разлики во сите градови, освен во градот Тетово, каде е со најнизок процент. Оваа состојба ни укажува дека организацијата на слободното време на младите во сите градови претставува сериозен проблем за кој образованието и семејството треба да понудат соодветни решенија.



|  | Битола | Велес | Гевгелија | Куманово | Прилеп | Струмица | Тетово | Штип | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Да | 125 | 95 | 106 | 87 | 104 | 96 | 34 | 139 | 786 |
| Не | 326 | 250 | 352 | 289 | 407 | 270 | 230 | 237 | 2361 |
| Незнам | 64 | 33 | 51 | 59 | 63 | 50 | 56 | 47 | 423 |
| **ВКУПНО** | **515** | **378** | **509** | **435** | **574** | **416** | **320** | **423** | **3570** |

**Графикон број 38. Трошење на џепарлак на учениците од играњето на игри на среќа**

На овој графикон, број 38, се прикажани одговорите на анкетираните ученици за трошењето на нивниот џепарлак за играње на игри на среќа. Од анализата се гледа дека најголемиот број, односно 76%, не го прават тоа, но сепак 18% од испитаниците го прават истото, што е доволен број за размислување за оваа појава. Дополнително 6% од испитаниците одговориле дека не знаат или немааат одговор, податок кој исто така, нè упатува кон размислување за мотивите кај младите за играње на игри на среќа.




**Графикон број 39. Трошење на џепарлак на учениците за играње на игри на среќа според градови**

На овој графикон ги имаме одговорите на истото прашање групирани според градови, каде можеме да забележиме дека најголемиот број на млади кои го трошат џепарлакот за играње на игри на среќа е во градот Битола, додека во другите градови процентите се речиси исти што укажува дека оваа појава е присутна кај младите во сите градови.




| | Битола | Велес | Гевгелија | Куманово | Прилеп | Струмица | Тетово | Штип | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Да | 95 | 61 | 77 | 65 | 85 | 76 | 28 | 49 | 536 |
| Не | 407 | 300 | 425 | 374 | 460 | 327 | 283 | 349 | 2925 |
| Не знам | 22 | 17 | 19 | 8 | 30 | 16 | 16 | 25 | 153 |
| **ВКУПНО** | **524** | **378** | **521** | **447** | **575** | **419** | **327** | **423** | **3614** |

**Графикон број 40. Трошење на џепарлак на учениците за играње на игри на среќа според пол**

На овој графикон се прикажани резултатите за трошењето на средствата за дневен џепарлак кој младите најчесто ги добиваат од своите родители групирани по пол. Според анализата на добиените одговори од анкетираните можеме да забележиме дека 45% од женските испитанички и 36% од машките испитаници, не ги користат овие средстсва за играње на игри на среќа, но процентот дека 10% од машките испитаници и 5% од женските сепак ги користат овие средства за играње на игри на среќа нè упатува на потребата од влијанието на родителите во наменското искористување на џепарлакот.




| | Женски | Машки | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| Да | 175 | 343 | 518 |
| Не | 1588 | 1289 | 2877 |
| Незнам | 63 | 85 | 148 |
| **ВКУПНО** | **1826** | **1717** | **3543** |

## Заклучок и препораки

Соочени со секојдневните информации за зголемување на бројот на лица со проблематично играње на игри на среќа, како и загриженоста за покажаниот интерес кај младите во анкетата за практикување на оваа појава, здружението и партнерите сметаат дека проблематичното играње на игри на среќа претставува сериозен проблем за младите и дека релевантните институции треба што поскоро да превземат конкретни активности за превенција од оваа појава.

Нашите препораки се однесуваат на:

- Организарање на превентивни активности на ниво на локална заедница за подигнување на свесноста кај сите граѓани преку трибини, подготовка на информативни материјали, работилници со информации за проблематичното играње на игри на среќа;
- Организирање на работилници, предавања, трибини и форуми со младите во основното и средно образование за предизвиците на игрите на среќа;
- Подготовка на информативно едукативни материјали;
- Организирање на едукативни кампањи за подигнување на свесноста кај целото население за превенција, лекување и ресоцијализација на лицата со проблематично играње на игри на среќа;
- Континуитет на акциите и насочување на истите кон исполнување на слободното време со конкретни активности кај младите;
- Препознавање на проблемот од одделението за социјална заштита во локалната заедница и образование и делување во таа насока;
- Вклученост на локалната заедница преку своите актери како носител во организација и реализација на превентивни активности;
- Вграденост на активностите во програмите и годишните планови на образовниот систем;
- Едукација на стручни тимови за рано препознавање, мотивација и соработка за надминување на проблемот кај учениците или членови во семејството;
- Отворање на советувалишта за помош и поддршка на младите и членови на нивните семејства соочени со овој проблем.

## Користена литература


1. Bošković, M., (2002), Socijalna patologija, Pravni fakultet, Novi Sad

2. Mladenović, I.,Lažetić , G. (2014), Zavisnost od kockanja- sa terapijskim priručnikom, Cigoja, Beograd.

3. Mladenović, I., Lažetić, G.(2012), Patološko kockanje sa priručnikom za samopomoć, Elit Medica, Beograd.

4. Martinović, T. (2019), Ovisnost o igrama na sreću, magisterski rad, Filozofski fakultet, Univerzitet u Sarajevu.

5. Dowling, Rodda, et al., 2014; Dowling, Suomi et al. 2014a;

6. Torre, R. (2017), Kockanje-kako protiv ovisnosti, Profil knjiga, Zagreb

7. Component Model of Addiction Treatment: A Pragmatic Transdiagnostic Treatment Model of Behavioral and Substance Addictions (2017), Hyoun S. Kim* and David C. Hodgins Front psychiatry

8. Kockanjem uzrokovanih poremecaja i problema (2009), Doc. dr. sc. Zoran Zoričić.

9. Problematično i patološko kockanje -prim. mr. sc. Elvira Koić, dr. med.